2025




# Годишен (IV КВАРТАЛЕН) ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА Г1 ОД 1.01.2024 ДО 31.12.2024

## Г1: ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2024 ГОДИНА

ЃОРЃИ ПЕОВСКИ

Овој извештај претставува збир на активности кои се реализирани од страна на Одделението за локален економски развој,  а во соработка со другите институции на локално ниво и со учество на граѓанското општество (граѓански сектор, месни заедници, асоцијации и фондации), истиот се однесуваат за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година за реализација на: ПРОГРАМАТА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2024 ГОДИНА. Врз основа на надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, во согласнсот со Интегрираниот план за локален развој на општина Берово, Стратегија за локален економски развој на Општина Берово за периодот 2024–2027 и Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 беа планирани активности за реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2024 година. Основа за реализација на активностите представува усвоената годишна Програма за поддршка на локалниот економски развој од Советот на општина Берово за 2024 година со број 09-4520/1 од 24.11.2023 година.

При планирањето на активностите од програмата се водеше сметка за специфичните потреби на граѓаните и фанансиските капацитети на општината преку проценка и анализа во сите тематски области во кои локалната самоуправа има законски надлежности. Согласно претходно наведените насоки и должности на Општина Берово, во условите кои што ги наметна глобалната економска и енергетска криза, следејќи ги утврдените мерки како и практиките на институции и препораките, во рамките на стратегиските документи за развој на Општина Берово. За реализацијата беа вклучени сите одделенија во локалната самоуправа на Општина Берово, при што одделението за Локален Економски Развој, за буџетската 2024 година ја реализира програмата Г1, Подршка на локалниот економски развој. Активностите за реализација на годишната програма за 2024 година се реализираат во следните подпрограми или области на делување:

## 1. Поддршка на Локалниот економски развој

- Операционализација на стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата,
- Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото,
- Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој,
- Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки
- Средства за учество во имплементација на проекти,
- Други оперативни расходни и договорни услуги,
- Подготовка на проекти,

## 2. Активности и резултати од реализацијата на програмата кои дадоа белег на работењето во извештајниот период се:

### 2.1 Операционализација на Стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата

2.1.1. Организирање на Форуми во заедницата во согласност со Статутот на ЕЛС

Општина Берово се реализираше во **<u>третиот и четвртиот квартал</u>** и за кој подготовките започнуваат во третиот квартал.

2.1.2. Спроведување на <u>Интегриран План за Локален Рразвој на Општина Берово за 2024-2027 година</u>. Општина Берово се вклучи во процесот на изработка на ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНАТА БЕРОВО за периодот 2024 – 2027 година од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во рамките на проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти“. Во првиот квартал се дадоа предлози за соработка при што се изготви анализа за потребите на заедницата, СВОТ анализа, цели и визија.

Општина Берово на 11.12.2024 год. ги повика сите заинтересирани граѓани, здруженија на граѓани, бизнис заедницата, стручната јавности и сите кои сакаа да допринесат во подобрување на документот да дадат свои предлози, мислења, сугестии и препораки кои се разгледани од страна на експерти а беа достават на е-маил: so.berovo@t.mk со назнака „за Интегрираниот локален развоен план “ или во просториите на Општина Берово.



Документот беше објавен и на ФБ страната на Општина Берово




https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/Integriran-lokalen-razvoen-plan-na-Opshtina-Berovo-2024-2027.pdf

1. Организација на форум, јавна расправа, собир на граѓани: датум, фотографии, објава од социјални медиуми – линк и screen shot

СПИСОК ЗА ПРИСУТНИ НА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА СЕКАП И ИЛРП 13.12.2024

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ОРГАНИЗАЦИЈА | КОНТАКТ ПОДАТОЦИ ТЕЛ. | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1. Маја Русковски | ОСУ „Аџо Русковски" | 070-230-896 | |
| 2. Зорица Аврамска | ОСУ „Аџо Русковски" | 077 928 214 | |
| 3. Роза Паршитова | ЈУМЦентар за соц. работа | 072 268 148 | |
| 4. Васко Буровски | Општина Берово | 078-342-124 | |
| 5. Александра Пачемска | ООУ „Дедо Иљо Малешевски" | 075-317-365 | |
| 6. Марија Буровска | Совет на О. Берово | 071-246-994 | |
| 7. Славица Фурнаџиска | Совет на О. Берово | 078-476-001 | |
| 8. Вилјана Гердовска | ОЈУДГ „23 Август" | 077-750-910 | |
| 9. Антонија Анастасова | ресторан „Ловен дом" | 075392325 | |
| 10. Зорица Ризовска | ЈЗУ Здравствен дом Берово | 078/305-147 | |
| 11. Петар Ружински | Совет на О. Берово | 070/310-047 | |
| 12. Гривоски Герасим | Совет на О. Берово | 078-522-776 | |
| 13. Лилјана Двојановска | Општина Берово | 078-435 403 | |
| 14. Зоран Буровски | ООУ „Никола Петров-Русински" Русиново | 070-368-179 | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |

На официјалната веб стрна беш објавен повик за предлози, сугестии и дополнување на ИЛРП, а на 13.12.2024 година се одржа и јавна расправа на која беше презентиран документот со сите главни точки.



2. Усвојување на Интегралниот локален развоен план за Општина Берово 2024-2027 е на 54-та седница на Совет на Општина Берово која се одржа на 18.12.2024 со Одлука бр. 09-4178/1, а истата оже да се види снимена на каналот за следење на седниците во живо на

https://www.youtube.com/@opstinaberovo3603/streams

Финалната верзија од ИЛРП за Општина Берово е на следниот линк
https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/ILRP-Berovo-12.-2024.pdf






Општина Берово со поддршка на Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и финансиската помош од страна на Европската комисија и Федералното министерство на Германија за економска соработка и развој пристапи во процесот на подготовка на **Акцискиот план за одржлива енергија и клима (SECAP).**

Основната цел на планот, е креирање на напредна програма која ќе овозможи нискојаглероден развој со визија за доближување до долгорочната визија за климатска неутралност. Планот предвидува во 2030-та година Општина Берово да дојде до заштеди на енергија од 7.9 GWh во споредба со 2019-та година, добиени 11 GWh енергија од обновливи извори на енергија и намалена емисија од 159.9 kt $CO_2$-eq. Акцискиот план се однесува на периодот 2025-2030-та година и во основа вклучува група од континуирани акции кои треба да се спроведуваат во текот на целиот период покриен со овој план.
Одлуката за усвојување на Акциски План на Општина Берово за одржлива енергија и клима беше донесена на 54-та седница на Совет на Општина Берово која се одржа на 18.12.2024 со бр. 09-4177/1.

https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/Draft-SECAP-for-Municipality-of-Berovo-V3-fin.pdf

2.1.3. Предлози од здруженијата на граѓани и фондации за реализација на проекти по Јавен повик за прибирање предлог-проекти за Буџетот на Општина Берово за 2024 година согласно објавениот повик, а во рамки на програмта Г1, се поддржаа во следниот период како што се доставени временските рамки по квартали од 2024 година за следните проекти:

1. Здружение на граѓани Владимирски Илинденски Средби (ЗВИС) за проектот „Продолжување на традицијата на одржување на Владимирски Илинденски Средби„ во висина од 60.000,00 денари.

2. Национално здружение на сопственици на приватни шуми на Македонија (НЗСПШ) за проектот „Форест Фест 2024"во висина од 50.000,00 денари.

3. Здружение на граѓани „СВЕТА ТРОИЦА РУСИНСКА"-Русиново во висина од 40.000,00 денари.

Согласно доставените Извештаи од Здружението на граѓани Владимирски Илинденски Средби (ЗВИС), СВЕТА ТРОИЦА РУСИНСКА"-Русиново и Национално здружение на сопственици на приватни шуми на Македонија средствата се искореситени и за истите се извршени исплати и доставени се наративни и финансиски извештаи за реализација на предвидените активности за што се исплатени 150.000,00 денари.

| **Реализирани средства** | **150.000,00 ден.** |
|---|---|

### 2.2. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

Поддршката во развојот на МСП и претприемништвото се реализира преку модели на соработка со МСП, НВО, фондации и заинтересирани групи на граѓани за следниве активности: Обуки за подигнување на вештини и знаења, Поддршка на активнстите за промоција маркетинг и заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на локалната економија. Заедничка промоција, маркетинг и поддршка на активностите за локалните производители на здрава храна, сувнири и ракотворби кои се дел и од Г2 програмата. Поголемиот дел од активности се реазлизираат со поддршка на институциите на локално ниво како што е АВРСМ ЦВ Берово со невработени лица кои бараат поддршка од општината за нивно вклучување во пазарот на труд, практиканство, преквалификации и обуки кај работодавачите.

**2.2.1. Обуки за подигнување на вештини и знаења** (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси).

**2.2.2. Поддршка на активнстите за промоција** на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси)

**2.2.3.** Заедничка **промоција и маркетинг** (заедничко настапување и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми како и организација на локални саеми се реализираа по пат на меѓусебно партнерство и во соработка со

други национални и регионални институции.

| Реализирани средства | 0,00 ден. |
|---|---|

### 2.3 Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е **поттикнување на партнерства** и зајакнување на стопанството преку **воведување на стимулативни мерки.**

Согласно Стратегиите за развој на Општина Берово и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

-Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка на кој учествуваа производители на локална храна и сувенири од општината и регионот. На саемот учстуваа производители на шумски плодови, мед, домашни сокови, слатко, компот и локални уметници со резба и сувенири.

- Во Берово се инсталирани две Вендинг машини во соработка со Пакомак и Швајцарската амбасада, за собирање на амбалажа (пластични шишина и лименки) во два поголеми маркети во градот. Согласно извештајот од првиот квартал за вкупниот бројот на зелени поени доделени на корисниците на повратните вендинг машини поставени во нашата општина за периодот 01.01.-31.03.2024 год. се доделени вкупно 126.232 зелени поени кои во противредност изнесуваат **31.558,00 денари**.

Извештај за вкупниот бројот на зелени поени доделени на корисниците на повратните вендинг машини поставени во општина Берово за вториот квартал или за периодот 01.04.-30.06.2024 година и се доделени вкупно 155.778 зелени поени од кои општината финасира 77 889 поени кои во противредност изнесуваат **38.944,00 денари**.

Во извештајот од третиот квартал за период од 01.07 -30.09.2024 се доделени 146311 поени со вредност за наплата од **73.156,00 денари** каде за месец септември согласно одлуката за едно пет шише/лименка се доделуваат 3 (три) поени од кои 2 (два) поени покрива општина Берово и 1 (еден) поен покрива Пакомак.

Согласно договорот за соработка за повратните вендинг машини и Извештајот за бројот на зелени поени доделени за користењето на повратните вендинг машини поставени во општина Берово за периодот 01.10. до - 31.12.2024 год. или четвртиот квартал се доделени 186.498 зелени поени или 93.249 шишиња амбалажа со вредност од **93.249 денари.**

**Вкупно рециклирана амбалажа во рамки на поставените веднинг машини во општина Берово се 343 886 шишиња амблажа.**

| **Реализирани средства** | **236.907,00 ден**. |
|---|---|

### 2.4. Средства за учество во имплеметација на проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени активности кои се во рамки на локалниот развој, а претставуваат активности кои се реализираат преку проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори. Според пропишаните правила при апликацирање за одредени проекти, во зависност од донаторот се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се исполнат и се основен предуслов за аплицирање на проекти за одредени програми. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди

како составен дел од апликацијата за проектите. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.4.1. Реализација на проектот „Социјални услуги за еднакви можности“ се спроведува во рамки на Општинско корисна работа (ОКР) согласно Договорот бр.03-2047/1 од 01.06.2023 година помеѓу Општина Берово, АВРСМ и УНДП која трае до јуни 2024 година со вкупно 1.782.000,00 мкд од ОКР кои квартално се распоредени во 2024 година во I квартал 594.000,00 денари. Сопствено учество од 20% според финасиската динамика во 2024 година во I квартал 143.500,00 однос вкупно за I квартал 737.500,00 денари. Во II квартал 220.000,00 денари од донаторот УНДП и сопствено учество од 20% според финасиската динамика во 2024 година во II квартал 55.000,00 деанри или вкупно за II квартал 275.000,00 денари. По доставената апликација во мај 2024 година од стрна на донаторите е одобрен проектот „Можност за социјална инклузија“ со вкупна вредност од 2.227.500,00 денари за период од јули 2024 до јуни 2025 година. Одобрени се позиции за ангажирање на 18 невработени лица со месечен надомест од 13.750 денари кои ќе даваат услуги за околу 250 крајни корисници, во следниве области: Негувател на деца од предучилишна возраст, Неговател на стари лица во Домот за стари лица/герентодомаќин, Личен асистент на деца со телесна и интелектуална попреченост во Малиот групен дом, Неговател на стари и изнемоштени лица-палијативна нега, Неговател на стари и изнемоштени лица-алцхајмер, Неговател на стари и изнемоштени лица-мултиплекс склероза, Фасилитатор за координација и поддршка на социјални услуги во народна кујна, Фасилитатор за оддржливи социјални услуги на ранливи категории, Неговател на лица со телесна и ментална попреченост, Неговател на лица со телесна и ментална попреченост во Дневниот центар за лица со телесна и ментална попреченост и Фасилитатор за олеснување на интеграција на деца од ранливи категории во образование. Во третиот квартал од страна на УНДП се исплатени 374.000,00 деанри и 20 % учество од општина Берово во висина од 93.500,00 денари или вкупно 467.500.00 денари.

Во четвртиот квартал од страна на УНДП се исплатени 594.000,00 деанри и 20 % учество од општина Берово во висина од 148.500,00 денари или вкупно 742.500.00 денари.

Реализиран буџет 2.222.500 ,00 ден

2.4.2 Реализација на проектот „Штип и Берово заедно за подобрување на условите за живеење за Ромската заедница“. Проектот е аплициран во рамките на ИПА програмата повик EuropeAid/168111/DD/ACT/MK – ЕУ за Ромите и граѓаните кои живеат во сиромаштија“ за обезбедување на финансии за инвестирање во подобрување на условите за домување и инфраструктура во ромската населба во општина Берово. Согласно активностите од развојната програма останува да се реализира проширувањето на ДУП за делот на ромското маало во Берово кај пречистителната станица за вода и надзор за градба на објекти во висина од 728.341,00 мкд. Во овој период е извршена исплати на завршна ситуација и изплата за надзор во висина од 579.875,00 денари.

Реализиран буџет 579.875,00 ден

2.4.3 Работно ангажирање во програмата – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија". Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, Општина Берово ќе ангажира 10 лица во времетраење од 30 работни дена. Финансиска поддршка во износ од 800 денари по работно ангажирано лице, дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Според поднесената Пријава од Општина Берово бр.14-2552/3 од 07.08.2024 година за учество во активната мерка (ОП 2024 Мерка6) Јавни работи 2024, добиеното Известување бр.09-96/1 од 30.09.2024 година одобрени се 10 позиции за Работно место: Чистач на улици во време траење од 30 (триесет) работни дена. Реализацијата и исплатата на средства беше во IV квартал. Од страна на АВРСМ беа исплатени 192.000,00 денари и 20% учество од Општина Берово од 48.000,00 денари. Вкупно реализиарни средства се 240.000,00 денари.

Реализиран буџет 240.000,00 ден.

Реализација на проетот во рамки на РОМАКТЕД 2 Програмта согласно Договорот и Анекс на Договорот за реализација на активности „Реконструкција на две училници во Средното Училиште Ацо Рускоски и пост КОВИД мерки за оправување во областа на образованието за Роми возрасни и деца". Реализирани се активности во ОСУ Ацо Русковски во Берово во висина од 119.847,00 денари и согласно завршната ситуација испалтени во април се исплатени дел од средствата во висина од 305.172,00 денари. Останатите средства до целосната исплата се планирани по извршените дополнување на буџетот и истите се исплатени во третиот квартал во висина од 174.216,00 денари.

Реализиран буџет 599.235,00 ден

**Реализирани средства 3.641.610,00 ден.**

### 2.5. Други оперативни расходи и договорни услуги

За реализација на активностите од програмата за поддршка на локалниот економски развој, предвидени се средства кои се наопходни за спроведување на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2024 година.

2.5.1. Одржување и контрола на Системот за управување со квалитет по стандард ISO 9001:2015. Реализирана е постапката и доставено е барање за понуда за *интерна проверка* на системот за менаџмент со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард **ISO 9001** *со* **"Евромак-Контрол"** за што е договорен и датум за спроведување на проверката кој е по официоалнот завршување на изборите за доставување на комплетната документација за спроведување на втората надзорна контрола во висина од 35.400,00 денари и за сертификацискот телот Интерцерт во висина од 47.200,00 ден.

Реализиран буџет 82.600,00 ден.

2.5.2. Проценка на ризик по работно место и безбедност при работа со обука за вработените.

Во рамките на Законот за безбедност и здравје на работа, сите работодавачи мора редовно да спроведуваат проценки на ризикот. (Рамковна директива 89/391, транспонирана во националното законодавство). Безбедноста на работа и здравјето на професионално експонираните работници не претставува само формален пристап со кој заедницата сака да ја декларира својата определба за унапредување на работната средина и благосостојбата на работниците напротив. Во првиот квартал е подготвена тендерската докумкентација за објава на системот на бирото за јавни набавки за избор на најповолен економски оператор а тендерската документатација ќе се објави во третиот квартал за подготовка на елаборатите за безбедност и здравје на работа.

Реализиран буџет 0,00 ден.

Реализирани средства 82.600,00 ден.

2.6 Подготовка на проекти

Успешноста и реализацијата на зацртаните проектни активности на вработените е најдиректно поврзано со степенот на подготовка и реализација на проекти, но и нивната обученост и стручност, затоа е неопходно континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР и приближување кон европските стандарди. Во соработка со останатите одделенија и институции, за подготовка на апликациите во текот на 2024 година до национални и меѓународни институции се доставени следните проекти:

| Р.бр | Име на проектот / програмата | Носител на проектот / програмата | Опис на проектот / програмата | Почеток на проектот / програмата | Рок на проектот / програмата | Учество на Општината | Дата на завршување | Напомена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Реконструкција и уредување на пристапен пат во месноста „Безгаштево“- Берово** | МЗШВС и ЦРИПР | Пристапен пат од Русиново до Безгаштево во дилжина од 1800м, | 1.2024 | 6 месеци | Општина Берово ќе учествува со максимум 15% или 400.000,00 | | 2,671,520.00 |
| 2 | **Интегриран локален развоен план на Општина Берово за периодот 2025 – 2028 година** | Програмата за развој на обединетите нации (УНДП) “Јакнење на општинските капацитети за спроведување на проекти” | Проектот помага во надминување на предизвиците со кои се соочуваат локалните самоуправи преку промовирање на рамномерен регионален/општински развој (Индекс на општински развој – МДИ), Фондот за техничка документација – ТДФ) и Подобрување на системот на локално развојно планирање преку интегрирање на елементите на Европскиот зелен договор, | 6.2023 | 2 год | / | 6.2025 | експертска поддршка при подготовката на планот. |
| 3 | **Проект за реконструкција на две училници во** | Советот на Европа во рамки на заедничката | Во рамк на АКТИВНОСТ 1 – МАЛИ ИНИЦИЈАТИВИ/АКЦИИ е извршена реконструкција | 12.2023 | 1 год | /Совет на Европа во висина од | 09.2024 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ОСУ Ацо Русковски** | програма на Советот на Европа и Европската Унија - РОМАКТЕД фаза 2 | на училници во ОСУ Ацо Русковски во Берово и замена на санитарни јазли и канализациска мрежа | | | | | |
| 4 | **Изградба на дел од секундарна водоводна мрежа во туристичка населба Беровско езеро во Берово- крак 4** | МЖСПП – Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година | Изградба на крак 4 во туристичката населба Б. езеро во должина од 488 м и 2 хидранти | 2.2024 | 9 месеци | 90 % МЖСПП<br>10% Општина Берово | | 2.016.306,00 |
| 5 | **Изработка на техничка документација – основен проект за крак за фекалана канализација во тур. населаба Беровско Езеро, извод малиновци до приклучок на крак 1 од фекален колектор** | МЖСПП – Програмата за инвестирање во животната средина за 2024 година | Изработка на соодветна теничка документација за изградба на крак за отпадни води на локација во туристичка населба Беровско езеро со должина од 550 м. | 2.2024 | 6 месеци | 85 % МЖСПП<br>мин 15% 50.000,00 Општина Берово | | 350.000,00 |
| 6 | **Реконструкција на водоснабдителна мрежа во с. Владимирово, Општина Берово“ за крак: Ј4-ПХ–17 и** | МЖСПП – Програмата за управување со водите за 2024 година | Реконструкција на водовона мрежа за Крак: Ј4-ПХ–17 и Крак: Ј1-ПХ-22<br>последна фаза | 2.2024 | 9 месеци | 90 % МЖСПП<br>10% Општина Берово | | 2.667.923,36 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **крак: Ј1-ПХ-22** | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | |
| 8 | **АПЛИКАЦИЈАза избор на „Најпријателски Ромски градоначалник“** | Во рамките на проектот „Romani Women POWER OF CHANGE in the Western Balkans and Turkey“ | Проект „Зајакнување на ромските жени – моќ на промената во Западен Балкан и Турција“ (Europe Aid/162473/DH/ACT/Multi) со проектен број 2019/413-758 имплементиран од Roma Active Albania, ERGO Network и Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација | 3.2024 | 1 месец | | 5.2024 | Посета во Брисел и Совет на Европа во рамки на меѓународниот ден на Ромите 8 април. |
| 9 | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРАК 1 И КРАК 2 ОД УЛИЦА ЈАНЕ САНДАНСКИ ВО БЕРОВО, ОПШТИНА БЕРОВО** | Министерството за транспорт и врски за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите | Реконструкција на Крак 1 и Крак 2 од ул. “Јане Сандански” во севкупна должина од 171 метри. За Крак бр.1 кој е со ширина од 3,5 до 4,0 м. (108 м.) предвидено е отстранување на стар и оштетен асфалт, поставување на цевки за одводнување, монтажа на коловозни рабници, асфалтирање на улицата и изработка на банкина. Вториот крак (63 м) ќе се изведе со бехатон плочки. Овој крак е широк од 2,5 до 3,5 м и предвиден е како | 9.2024 | 6 месеци | 1,544,960.00 ден. | 3.2025 | објавен тендер постапка во тек |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | колско пешачка патека. | | | | | |
| 10 | **ПРОГРАМА ОПШТИНСКО-КОРИСНА РАБОТА – ОП 2024 Проект „Можност за социјална инклузија“** | УНДП, АВРСМ и Општина Берово | Во рамки повикот на УНДП општината аплицираше за 20 работни места а беа одобрени 17 позиции | јуни 2024 | 12 месеци | 1683000 од УНДП и учеств 420.750 | јуни 2025 | проектот се реализира во две буџетски години |
| 11 | **Енергетска Ефикасност-Спроведување на Мерки и Активности за Рурални Територии (ЕЕ-СМАРТ)** | Програма за развој на заедницата СПЕЈС–УСАИД и Мрежата за рурален развој | Подобрена топлинска изолација, подобри енергетската ефикасност на зградата со замена на старите прозорци и врати со термички поефикасни како и намалување на трошоците за енергија и подобрување на условите за работа и намалување на бучавата преку подобра звучна излоација. | 7.2024 | 6 месеци | Вкупно 3.635.200,00<br>УСАИД 1,450,400.00; Општина Берово 1,457,700.00, ОСУ Ацо Русковски 501,200.00 ден и Бизнис заедницата и НВО од 164.400,00 ден | 12.2024 | Во партнерство со УСАИД, ОСУ Ацо Русковски, Општина Берово и бизнис заедницата |
| 12 | **Реконструкција на уреден отворен канал за атмосверска вода на ул. „23-ти Август“, Општина Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктур ни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктур ни проекти во општините – од | Проекти со чија реализација ќе се придонесе за унапредување на инфраструктурата на локално ниво со директен импакт врз зголемување на економскиот раст, развојот во општините и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните од страна на | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ 3,574,760.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Влада на РСМ | Општина Берово | | | | | |
| 13 | **Реконструкција на улица „Индустриска 3“, Општина Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Целта на овој проект е подобрување на локалната патна инфраструктура како и подобрување на квалитетот на живот во западниот дел од градот преку реконструкција на улица „Индустриска 3“ во Берово, со вкупна должина од 242,22 м како и подобрување на условите за економски развој и зголемување на можноста за пристап до имотите во индустриската зона за мало стопаство во градот Берово. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>6,574,573.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |
| 14 | **Регулација на дел од корито на отворен канал/дол во н.м Будинарци, Општина Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Целта на проектот е да се подобри инфраструкутурата и квалитетот на живот особено во руралните подрачја. “Регулација на дел од корито на отворен канал/дол во н.м Будинарци, Општина Берово” е со цел да се овозможи подобрување на животот на жителите во селата и ридско планинските подрачја како и подобрување на | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>5,451,722.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | животот на граѓаните кои живеат покрај калот/долот, но и сите останати жители, посетители и туристи преку подобрување на условите за безбедност, заштита на имотите и живото на граѓаните во с. Будиниарци. | | | | | |
| 15 | **Улично осветлување во Туристичка населба Беровско езеро, Општина Берово – III фаза** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Создавање на услови за динамичен и оддржлив развој со подобрување на понудата и развој на туризмот во Источниот регион, привлекување на поголем број туристи, инвеститори, намалување на невработеноста, зголемување на БДП, одржливо управување со природните ресурси и искористување на потенцијалите во насока за побрз економски развој на општината и регионот. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ 4,230,702.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |
| 16 | **Реконструкција на ул.„Енгелсова“ Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од | Целта на овој проект е подобрување на локалната патна инфраструктура како и подобрување на квалитетот на живот во северниот дел од градот преку реконструкција на | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ 3,352,521.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | улица Енгелсова во Берово, со вкупна должина од 230 м. | | | | | |
| 17 | **Реконструкција со партерно уредување на просторот околу ГРАДСКИ ПАЗАР во Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Подобрување на пристапот до градскиот пазар и формирање на една целина заедно со современиот покриен објект со партерно уредување на просторот околу ГРАДСКИОТ ПАЗАР во централното градско подрачје во Берово. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>2,501,425.00 ден | 9.2025 | Завршена е Тендерската постапака е во IV квартал. |
| 18 | **Основен проект за изградба на тротоар на ул.„Дамјан Груев“ - од спој со ул.„Маршал Тито“ до влез на градски гробишта , Општина Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Целта на овој проект е подобрување на локалната патна инфраструктура, како и подобрување на квалитетот на живот, условите за движење и безбедност, преку изградба на тротоари од двете страни на прометна градска сообраќајница, дел од ул. Дамјан Груев. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>2,888,870.00 ден | 9.2025 | Изработени се развојни програми за 2024 и 2025 година и се усвоени од Советот. Тендерската постапака е во IV квартал. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | **Основен проект за изградба на паркинг простор на улица „Партизанска“ - Општина Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Целта на овој предлог – проект е подобрување на условите на стационарниот сообраќај како и безбедноста на учесниците во сообраќајот на една од главните сообраќајници во градот каде што има комплекс од згради за домување преку изведување на паркинг простор во близина на постоечкото детско игралиште. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>2,290,593.00 ден | 9.2025 | Изработени се развојни програми за 2024 и 2025 година и се усвоени од Советот. Тендерската постапака е во IV квартал. |
| 20 | **Реконструкција на крак 3 од ул.„Козара“ во Берово** | Јавен повик за изразување на интерес финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА-Инфраструктурни проекти во општините – од Влада на РСМ | Целта на овој проект е подобрување на локалната патна инфраструктура, подобрување на условите за движење и самата безбедноист на учесниците во сообраќајот при користење на пристапните улици, преку реконструкција на крак 3 од ул. Козара во Берово. | 9.2024 | 12 месеци | Влада на РСМ<br>1,326,863.00 ден | 9.2025 | Изработени се развојни програми за 2024 и 2025 година и се усвоени од Советот. Тендерската постапака е во IV квартал. |
| 21 | **ЛАНДС** (Land and Soil Sensors System – LANDS)<br>**„Систем со сензори за земја и почва“** | (Interreg VI-B) IPA Adriatic Ionian | Општата цел е развивање и унапредување на капацитетите за истражување и иновации и прифаќање на напредни технологии преку | 9.2024 | 30 месеци | 7.050.170 ден.(114,840.00 еур)<br>Вкупна за сите партенри 1,764,572.00 еур | 3,2027 | Во проктот се вклучени 11 партнери од Хрватска, Словенија, Грција, |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | развивање вештини за паметна специјализација, индустриска транзиција и претприемништво. | | | од кои 85% ili 1,499,886.20 еура од IPA Adriatic Ionian I 15 % од партнерите | | Италија Црна Гора, Србија, Албанија, Босна и Херцеговина и РС Македонија |

Општина Берово

Одделение за локален економски развој

Ѓорѓи Пеовски



______________________________